**СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ**

# Кога се штеди на превенција, последиците се скапи – граѓанските организации и институциите со заеднички повик за поголеми вложувања во превенцијата

Граѓанските организации и институциите од здравствениот сектор отворија јавен дијалог за унапредување на пристапот до квалитетни превентивни здравствени услуги за жените, девојките и ранливите групи, на тематскиот форум „Кога се штеди на превенција, последиците се скапи“ одржан на 15.10.2025 година. Главните заклучоци од дискусијата се дека неопходно е вклучување на граѓаните и граѓанските организации во планирањето и спроведувањето на превентивните програми, препознавање на граѓанските организации како даватели на превентивни здравствени услуги, потребно е зголемување на буџетите за превенција, како и зајакнување на свеста на граѓаните за нивното право на превентивна здравствена заштита.

На форумската дискусија граѓани и претставници на граѓански организации споделија лични сведоштва за пристапот до програмата за скрининг на рак на грлото на матката и до гинеколошки услуги во руралните средини, предизвиците на младите во сексуалното и репродуктивното здравје, искуства со Програмата за здравствена заштита на мајките и децата, како и состојбите со превенцијата од ХИВ. Форумот обезбеди двонасочна дискусија, на која учествуваа и претставници на Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје и Меѓупартиската парламентарна група за ХИВ и СРЗ.

Настанот се одржа како дел од проектот „Унапредување на здравствените права на жените, девојките и ранливите групи“, во чии рамки, во изминатиот период се изврши мониторинг анализа на четири програми за превентивна здравствена заштита.

## КЛУЧНИ НАОДИ ОД АНАЛИЗИТЕ

**Превенција од ХИВ -** Во споредба со 2021 година, буџетот за превенција е намален за околу 70%, што резултира со 50% помал опфат. Здруженијата откриваат еден ХИВ случај на 150 теста, додека здравствените установи еден случај на 1150 теста, што укажува дека за рано откривање критични се заедниците и граѓанските организации.

**Скрининг на рак на грлото на матката -** Во 2023 година со скрининг биле опфатени само 10% од жените од целната возрасна група,што е далеку под потребните минумум 25% годишно. Недостигот од матични гинеколози е трајна бариера, особено во руралните средини.

**Програма за мајки и деца -** Укинати се клучни скрининзи (прееклампсија во бременост, слух кај новороденчиња),намалени се средствата за медикаментозен абортус, а услугите за најранливите се недоволно искористени (само 27 жени добиле бесплатна контрацепција и само еден бесплатен преглед за жртва на сексуално насилство во 2024 година).

**Програма за партиципација (за бремените жени, родилки и доенчиња) –**Дури 92% од Ромките не знаат дека имаат право на бесплатни прегледи за време на бременоста, а 80% платиле за услуги што им следуваат бесплатно. Министерството за здравство покрило партиципација за само 2.850 пораѓања од 16.061 живородени деца во 2024 година, оставајќи 82% непокриени од страна на државата.

Проектот „Унапредување на здравствените права на жените, девојките и ранливите групи“ партнерски го спроведуваат Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари и Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - Заедно посилни, со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас.

Консолидиран сет на препораки ќе биде финализиран и споделен со Министерството за здравство, надлежните институции и јавноста. Овој процес произлегува директно од барањето и учеството на граѓанските организации на форумот „Кога се штеди на превенција, последиците се скапи“.

*Мислењата кои се изразени во ова соопштение не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.*

**Контакт за медиуми**
Борјан Павловски
070268714
bpavlovski@esem.org.mk

ХЕРА

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

ЕСЕ

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC